**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Игор Антевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2**
**тел. 02/2050-206,**
**izvrsitelantevski@gmail.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 2775/2024**

Извршителот Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Стопанска Банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030996116744 и ЕМБС 4065549 и седиште на ул.11-ти Октомври бр.7 преку полномошник Адвокат Алпер Адеми од Скопје, засновано на извршната исправа Солемнизација – Потврда на приватна исправа ОДУ бр.163/22 од 04.03.2022 година на Нотар Елена Пенџерковски од Скопје, против солидарните должници: 1.Катерина Трајкова од Скопје со живеалиште на ул.Димо Хаџи Димов бр.100, и 2. Диме Трајков од Скопје со живеалиште на ул.Димо Хаџи Димов бр.100, за спроведување на извршување, на ден 17.11.2025 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ПРВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како: плодни земјишта, нива, запишани во **имотен лист бр.1234 (претходен број на имотен лист 380) за КО ДОЛНО КОЊАРИ**, при АКН на РСМ – ЦКН Скопје со следните ознаки:
ЛИСТ Б: податоци за земјиштето (Катастарска парцела) и за правото на сопственост:
- КП.бр.179, викано место/улица: АЛЧАК, катастарска култура: ЗЗ/Н, катастарска класа: 4, со површина од 1304 м2; со запишано право на сосопственост;
- КП.бр.179, викано место/улица: АЛЧАК, катастарска култура: ЗЗ/Н, катастарска класа: 5, со површина од 1223 м2; со запишано право на сосопственост;

со право на сосопственост на ½ на солидарниот должник Катерина Трајкова од Скопје со живеалиште на ул.Димо Хаџи Димов бр.100,

**Продажбата ќе се одржи на ден 04.12.2025 година во 11:00 часот** во просториите на Извршител Игор Антевски Скопје на адреса **ул. 8-ма Ударна Бригада бр. 20-А-1/2**.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот од 17.11.2025 година, **изнесува 145.505,00 денари,** под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: Налог за извршување врз недвижност по чл.166 од ЗИ за И.бр.2775/2024 од 16.10.2024 година на извршител Игор Антевски од Скопје и Налог за извршување кај пристапување по чл.169 од ЗИ И.бр.2867/2024 од 25.10.2024 година на изврител Игор Антевски од Скопје.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на трансакциска сметка бр.250010402320172 која се води на име на Извршител Игор Антевски од Скопје во Шпаркасе Банка АД Скопје, даночен број 5080021510736, најдоцна до 03.12.2025 година.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Данокот на промет на недвижности и други трошоци во врска со пренос на правото на сопственост паѓаат на товар на купувачот.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Игор Антевски

Д.-на: доверител
солидарен должник Катерина Трајкова
Сосопстеник

X ______________________________

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до надлежниот Основен суд, во рок од три дена од приемот на заклучокот, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.